**МАКЕДОНСКО АРХЕОЛОШКО НАУЧНО ДРУШТВО**

**ПРЕДЛОГ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НОВ**

# С Т А Т У Т

**на**

**МАКЕДОНСКОТО АРХЕОЛОШКО НАУЧНО ДРУШТВО**

**Скопје, март 2019 година**

Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации (Сл. весник на Република Македонија бр. 52/10, 135/11, 55/16), член 28 став 1 алинеја 2 од Статутот на Македонското археолошко научно друштво бр. 03-26 од 30.12.1998 г., Претседателството на Македонското археолошко научно друштво на седницата одржана на ден 18.03.2019 г. во Скопје го донесе следниот:

# ПРЕДЛОГ
**за донесување нов**

# С Т А Т У Т
# на
# МАКЕДОНСКО АРХЕОЛОШКО НАУЧНО ДРУШТВО

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Македонското археолошко научно друштво е здружение на професионални археолози во Република Северна Македонија.

Македонското археолошко научно друштво е формирано како непрофитна организација со слободно и доброволно здружување на професионалните археолози од Република Северна Македонија, заради остварување на своите интереси и вршење на дејности и активности во областа на археологијата во Република Северна Македонија.

## Назив и седиште на друштвото

### Член 2

Полниот назив на здружението гласи Македонско археолошко научно друштво (во натамошниот текст: *Друштвото*).

Скратениот назив на здружението гласи: МАНД.

Седиштето на *Друштвото* е во НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија на адреса: ул. Кеј Димитар Влахов б.б., Скопје.

*Друштвото* се организира и делува на територија на Република Северна Македонија.

*Друштвото* има статус на правно лице. Овластен застапник на *Друштвото* е претседателот.

*Друштвото* има свој печат и штембил.

Печатот е неправилно триаголен и го содржи името: Македонско археолошко научно друштво испишано околу венец на амблем - стилизирана претстава на погребна златна маска од Требениште.

Штембилот на *Друштвото* е правоаголен и на него е испишан следниот текст:

Македонско археолошко научно друштво
Број ____________________

_____________ __________ година
Скопје

## ЦЕЛИ И ДЕЈНОСТИ НА МАКЕДОНСКОТО АРХЕОЛОШКО НАУЧНО ДРУШТВО

### Член 3

Археолозите се здружуваат во *Друштвото* заради остварување на заеднички интереси за унапредување и развој на археологијата во Република Северна Македонија, за подигнување на нивото на стручна и научна подготвеност и заради застапување на нивните интереси.

Археолозите се здружуваат во *Друштвото* и заради остварување на поширок општествен интерес за подигнување на јавната свест за значењето на археологијата како општествена дисциплина и значењето на заштитата на археолошкото наследство.

Целта на *Друштвото* е да ја промовира и развива археологијата во Република Северна Македонија, да ги промовира постигнатите резултати, да ја промовира заштитата на археолошкото наследство и да алармира за неговата состојба.

Во остварувањето на своите цели *Друштвото* обезбедува механизми за поединечно и институционално поврзување со сите што професионално се занимаваат со археологија,ројавуваат интерес кон археологијата или директно ја помагаат.

*Друштвото* обезбедува соработка со сродни асоцијации и институции од областа на археологијата и помошните археолошки дисциплини од други земји.

Своите цели и дејности *Друштвото* ги остварува во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, законите кои ја регулираат дејноста на археологијата и сродните дисциплини, овој Статут, како и со други законски норми.

### Член 4

Целите на *Друштвото* се:

1. промовирање и унапредување на теренските и кабинетски археолошки истражувања и научно-истражувачката работа;
2. промовирање на интересите на археолозите во Република Северна Македонија;
3. промоција и унапредување на етичките и професионални стандарди во археолошката работа;
4. презентација на резултатите од археолошките истражувања од интерес на афирмацијата на археологијата и историјата на Република Северна Македонија;
5. укажување помош во стручното оспособување на членовите;
6. соработка со поединци, здруженија и организации со слични цели и дејности;
7. алармирање за состојбата на археолошките наоѓалишта и нивната заштита;

8. алармирање за заштитата на археолошките предмети во збирките, чувањето, презентацијата и сл.

**Член 5**

*Друштвото* ги остварува своите цели преку:
1. организирање на годишен симпозиум за презентација на резултатите од археолошките истражувања преземени во претходната година;
2. организирање на тематски научни конгреси и симпозиуми;
3. организирање на тркалезни маси, јавни предавања и други собири поврзани со целите на *Друштвото*;
4. организирање на јавни дебати и трибини за состојбите во археологијата;
5. публикување и промоција на резултатите од археолошките истражувања и други научни трудови од областа на археологијата и сродните дисциплини;
6. научни советувања;
7. настапи во јавните медиуми.

**Член 6**

*Друштвото* е регистрирано за издавачка дејност.

Издавачката дејност на *Друштвото* е регулирана со Правилник за издавачка дејност.

Правилникот за издавачка дејност го предлагаат Претседателството и Издавачкиот совет, а го усвојува Собранието на *Друштвото*.

*Друштвото* има свое постојано стручно-научно списание *Macedoniae acta archaeologica* што редовно го издава секоја година, освен во случај на спреченост од објективни причини.

*Друштвото* има посебни изданија: други периодични списанија, монографии, одбранети магистерски и докторски трудови, студии, зборници, преводи на странски изданија, информативни и пропагандни материјали, каталози, брошури, флаери и друга стручна и научна литература.

**Член 7**

Работата на *Друштвото* е јавна и транспарентна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на членовите на *Друштвото* за сите облици на работење, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работата на Претседателството и другите органи, за материјално финансиското работење и друго.

Информирањето на пошироката јавност се врши преку јавните медиуми, известувања на официјалната интернет страна и социјалните мрежи на *Друштвото*.

## ЧЛЕНСТВО НА МАКЕДОНСКОТО АРХЕОЛОШКО НАУЧНО ДРУШТВО

**Член 8**

Членството во *Друштвото* е доброволно.
Членството во *Друштвото* е издвоено во следните категории:

1. редовен член;
2. надворешен член;
3. почесен член;
4. пензионер и
5. студент.

**Член 9**

Редовен член на *Друштвото* може да биде секој дипломиран археолог кој професионално врши работи од областа на археологијата или сродните дисциплини на територија на Република Северна Македонија.

Надворешен член на *Друштвото* може да биде лице кое има диплома од сродните дисциплини, а кое професионално врши работи од областа на археологијата и кое допринесува за унапредување и развој на археологијата во Република Северна Македонија.

За почесен член на *Друштвото* се прогласува редовен или надворешен член на *Друштвото* или член на други здруженија и асоцијации на професионални археолози со слична цел, кој остварил особени успеси во унапредувањето и развојот на археологијата во Република Северна Македонија, преку теренски истражувања, публикации и промоција на археологијата.

Пензионираните археолози, членови на *Друштвото* имаат одобрен попуст на членарината и еднакви права како и редовните членови.

Студенти по археологија се избираат во членови на *Друштвото* без право на глас во Собранието. Студентите имаат одобрен попуст на членарината.

**Зачленување, исклучување и престанок на членување во *Друштвото***

**Член 10**

Редовен член на *Друштвото* може да стане секој археолог кој доброволно ќе пристапи во *Друштвото* со поднесување на пријава за членство.

Придружни документи - биографија со библиографија поднесуваат кандидатите за редовни и надворешни членови при прво пристапување во *Друштвото* и студентите при изминување на статусот на студент и преминување во редовен член.

Со потпишување на пријавата за членство во *Друштвото*, членот се согласува во целост да ги почитува одредбите во Статутот на *Друштвото*, како етичките и професионални стандарди пропишани во Етичкиот кодекс на *Друштвото*.

Зачленување во редовното членство на *Друштвото* се врши по објавен јавен повик на интернет страната и социјалните мрежи на *Друштвото* за пристап на нови членови.

Повикот се објавува еднаш годишно, најдоцна 2 месеци пред одржување на Годишното собрание.

Рокот за пријавување на нови членови во *Друштвото* е 20 дена од објавување на јавниот повик.

Пријавата со придружната документација ја прима и разгледува Претседателството и ја предлага на усвојување на Собранието.

Почесен член на *Друштвото* се избира по поднесен предлог од страна на редовен член на *Друштвото*. Предлогот содржи биографија и библиографија и образложение на придонесот на лицето кое се предлага за почесен член.

**Член 11**

*Друштвото* задолжително води Регистар и евиденција на членството.

Податоците од Регистарот се ажурираат најмалку еднаш годишно.

Регистарот на членови на *Друштвото* се објавува на официјалната интернет страна на *Друштвото* и се ажурира еднаш годишно.

Членовите на Друштвото добиваат годишна членска карта на која е запишано името и презимето, регистарскиот број и категоријата на членството.

*Друштвото* се обврзува да ги заштити личните податоци на членовите на *Друштвото* согласно Законот за заштита на личните податоци.

**Член 12**

Исклучување или престанок на членувањето во *Друштвото* е можно по основ:

1. на лично барање на членот на *Друштвото*;
2. на предлог на член на Претседателството и/или Посебните органи;
3. на предлог на најмалку 5 члена на *Друштвото*.

По барање на членовите на *Друштвото* од став 1, точки 2 и 3 од овој член може да се поднесе предлог за исклучување на член на *Друштвото* доколку членот:

1. не плаќа редовна членарина;
2. не учествува на најмалку две седници на Собранието;
3. работи и постапува спротивно на начелата на *Друштвото*, законските норми, етичките и професионални стандарди на археологијата.

**Права и обврски на членовите на *Друштвото***

**Член 13**

Сите членови на *Друштвото*, го остваруваат правото на активно учество во работата и активностите на *Друштвото*, и тоа:

1. да биде избиран во Претседателството и Посебните органи на *Друштвото*;
2. да гласа на Годишните собранија за прашања од интерес на *Друштвото*;
3. да учествува со свој труд на Годишниот симпозиум на *Друштвото* без надомест за учество;
4. да добива печатено издание на *Macedoniae acta archaeologica* за тековната година без надомест;
5. да предлага решавање на прашања од заеднички интерес;

6. да работи на развивање и унапредување на општествените и другите активности кои произлегуваат од Статутот, програмските цели и задачи и усвоените одлуки и заклучоци;
7. да ги спроведува во целост одредбите од Статутот и програмските активности;
8. да ги застапува интересите и ставовите на *Друштвото*;
9. да бара стручна, научна и друга помош од областа на археологијата, музеологијата, заштитата и другите сродни дисциплини;
10. да се грижи за заштитата на професионалниот интегритет на *Друштвото*.

Студентите кои се членови на *Друштвото* ги имаат правата на редовните членови, освен правото да бидат избирани во Претседателството и Посебните органи и право да гласаат на Годишните собранија на *Друштвото*.

Членовите на *Друштвото* се обврзани редовно да ја плаќаат членарината, заклучно со месец февруари за тековната година.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА МАКЕДОНСКОТО АРХЕОЛОШКО НАУЧНО ДРУШТВО

### Член 14

Највисок орган на *Друштвото* е Собранието.

Орган на управување на *Друштвото* е Претседателството.

Посебни органи на *Друштвото* се:

1. Изборна комисија
2. Комисија за надзор
3. Комисија за етика
4. Издавачки совет

### Член 15

Собранието на *Друштвото* го сочинуваат сите членови.

Собранието на *Друштвото* избира претседател и членови на Претседателството и Посебните органи.

За член на Претседателството и Посебните органи на *Друштвото* може да биде избрано лице кое има постојано верификувано членство во *Друштвото* од најмалку 4 години.

Собранието на *Друштвото* работи на седници кои се свикуваат по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Седници на Собранието свикува Претседателот на *Друштвото*.

Вонредна седница на Собранието се свикува и по поднесено писмено или електронско барање на една третина од вкупниот број на членови на Собранието. Во барањето се образложуваат причините за свикување вонредна седница.

Вонредна седница на собранието од ставот 6 на овој член се свикува најдоцна во рок од 30 дена од поднесување на барањето.

Ако Претседателот во рок од 30 дена од денот на поднесеното барање не свика седница, седницата ја свикуваат иницијаторите.

Седница на Собранието може да се свика и на предлог на Комисијата за надзор.

**Член 16**

Собранието полноважно одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број на членови или преку електронска пошта, освен при гласање за избор на Претседател и членови на Претседателството и членови на Посебните органи на *Друштвото*.

Собранието ги донесува одлуките со мнозинство гласови од присутните членови, како и во случај на гласање преку електронска пошта.

Во надлежност на Собранието е следното:

1. го донесува Статутот на *Друштвото* и ги усвојува измените и дополнувањата на истиот;
2. избира и разрешува Претседател и членови на Претседателството и членови на Посебните органи на *Друштвото*;
3. усвојува програма и други акти на предлог на Посебните органи на *Друштвото*;
4. усвојува финансиски план и завршна сметка на *Друштвото*;
5. одлучува за зачленувањето, исклучувањето и престанокот на членувањето во *Друштвото*;
6. одлучува за избор на надворешни и почесни членови на *Друштвото*;
7. одлучува за висината на членарината, попустите за студенти и пензионирани членови, висината на котизација за учество на симпозиумите организирани од *Друштвото* и сл.;
8. одлучува за поврзување или зачленување во сродни меѓународни организации и асоцијации;
9. одлучува за промена на седиштето на *Друштвото*;
10. донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на *Друштвото*;
11. расправа за постигнатите резултати од развојот на *Друштвото* и дава насоки за негов натамошен развој;
12. го потврдува формирањето на повремени работни комисии на предлог на Претседателството или Посебните органи на *Друштвото* и ги утврдува нивните задачи и бројот на членови;
13. одлучува за престанок на постоењето на *Друштвото* со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови во *Друштвото*, на начин утврден со Закон.

**Орган на управување на Македонското археолошко научно друштво**

**Член 17**

Орган на управување е Претседателството на *Друштвото* со кое раководи претседателот, а секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развојот на *Друштвото* во согласност со Статутот.

Претседателството ги раководи, насочува и надгледува работите на *Друштвото*, Посебните органи и издавачката дејност на *Друштвото*.

Претседателството на *Друштвото* брои 5 члена.

Мандатот на членовите на Претседателството трае 4 години, со можност за повторен избор.

По два последователни мандати, едно лице може да биде избрано за претседател или член на Претседателството по пауза од 4 години.

Претседателството од своите редови избира заменик-претседател и секретар.

Претседателот на Претседателството е истовремено и претседател на *Друштвото* и го застапува Собранието на *Друштвото*.

**Член 18**

Во надлежност на Претседателството е следното:

1. ги спроведува статутарните и програмските задачи на *Друштвото*, како и одлуките и заклучоците на Собранието;
2. предлага Статут, измени и дополнувања на Статутот;
3. донесува правилници, одлуки, прифаќа спогодби и склучува договори, при што, ја изготвува содржината на истите;
4. донесува годишни и/или повеќегодишни планови за организација и унапредување на издавачката дејност;
5. свикува седници на Собранието и подготвува материјали;
6. донесува финансиски план;
7. се грижи за материјално - финансиското работење во рамките на своите овластувања и донесува одлуки за користење на средствата;
8. изготвува годишен извештај за работата на *Друштвото* и годишен финансиски извештај и ги објавува на официјалната интернет страница на *Друштвото*;
9. организира и активно учествува во организирањето на разни активности и манифестации;
10. донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;
11. донесува одлуки за набавка и отуѓување на основните средства;
12. донесува одлуки за приговори и жалби;
13. разгледува пристапници и предлага прием на нови членови во *Друштвото*;
14. води Регистар на членови на Друштвото и евиденција на органите на *Друштвото,* и се грижи за навремено ажурирање на членството;
15. врши и други работи кои произлегуваат од одредбите на Статутот на *Друштвото*.

**Член 19**

Претседателството за својата работа е одговорно пред Собранието на *Друштвото*.

Претседателството се состанува и одржува седници по потреба.

Седницата на Претседателството ја свикува претседателот.

Предлог за свикување седница може да поднесат и најмалку три членови на Претседателството и Комисијата за надзор.

Со седницата раководи и претседава претседателот, а во негово отсуство заменикот-претседател или секретарот или член што ќе го избере Претседателството.

Секретарот составува Записник од седниците на Претседателството.

**Посебни органи на Македонското археолошко научно друштво**

**Член 20**

Изборната комисија е посебен орган на *Друштвото,* кој го предлага и избира Собранието на *Друштвото* од редовите на членството.

Изборната комисија за својата работа е одговорна пред Собранието.

Изборната комисија се состои од 3 члена со мандат од 5 години.

Претседател на Изборната комисија е членот кој освоил најмногу гласови при изборот.

За членови на Изборната комисија не може да се предлагаат тековните членови на Претседателство.

**Член 21**

Изборната комисија е надлежна за спроведување на процесот на избор на членовите на Претседателството и Посебните органи.

Изборната комисија ги подготвува материјалите за избор, ги прима и процесира пријавите, ги доставува до членството по пошта или електронска пошта пред Изборното собрание или во печатена верзија на денот на Изборното собрание.

По завршување на постапката за избор, Изборната комисија составува Записник од изборот и донесува Одлука за избор на претседател и членови на Претседателството и Посебните органи на *Друштвото*.

Одлуката за избор на претстедател и членовите на Претседателството и Посебните органи на *Друштвото* ја усвојува Собранието.

**Член 22**

Комисијата за надзор е посебен орган кој го предлага и избира Собранието на *Друштвото* од редовите на членството.

Комисијата за надзор се состои од 3 члена, со мандат од 4 години.

Претседател на Комисијата за надзор е членот кој освоил најмногу гласови при изборот.

Комисијата за надзор се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Седниците ги свикува претседателот на Комисијата за надзор по своја иницијатива, на барање на Претседателството или Собранието на *Друштвото*.

**Член 23**

Комисијата за надзор врши контрола на:

1. спроведувањето на Статутот, програмата за работа на *Друштвото,* правилниците и другите акти;
2. материјално-финансиското работење;
3. работата на Изборната комисија.

**Член 24**

Комисијата за етика е посебен орган кој го предлага и избира Собранието на *Друштвото* од редовите на членството.

Комисијата за етика брои 3 члена, со мандат од 4 години.

Претседател на Комисијата за етика е членот кој освоил најмногу гласови при изборот.

Комисијата за етика се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Седниците ги свикува претседателот на Комисијата за етика по своја иницијатива, на барање на Претседателството или Собранието на *Друштвото*.

**Член 25**

Комисијата за етика има функција на првостепен дисциплински орган.

Надлежноста и работата на Комисијата за етика се уредува со Етичкиот кодекс на *Друштвото*.

Етичкиот кодекс на *Друштвото* го предлагаат Претседателството и Комисијата за етика, а го усвојува Собранието на *Друштвото*.

**Член 26**

Издавачки совет е посебен орган кој го предлага и избира Собранието на *Друштвото* од редовите на членството.

Издавачкиот совет се грижи за организација и унапредување на издавачката дејност на *Друштвото* согласно утврденото во Правилникот за издавачка дејност.

Издавачкиот совет брои 3 члена, со мандат од 4 години.

За член на Издавачкиот совет се избира лице кое е редовен член на *Друштвото,* и кое има постигнато особен стручен или научен придонес во областа на археологијата.

Претседател на Издавачкиот совет е членот кој освоил најголем број гласови на изборот.

Издавачкиот совет работи на седници со кои раководи претседателот на советот.

Издавачкиот совет именува членови на редакциски одбор, рецензент/и, ликовен и технички уредник, лектор, коректор, преведувач, приредувач за постојаните и посебните изданија.

Редакцискиот одбор на постојаното стручно - научно списание *Macedoniae acta archaeologica* се состои од 5 члена со мандат од 4 години.

Начинот и критериумите на избор на главен уредник и членови на редакцискиот одбор се уредува во Правилникот за издавачка дејност.

**Избор на претседател и членови на Претседателството и Посебните органи на Македонското археолошко научно друштво**

**Член 27**

Претседател и членови на Претседателството и Посебните органи на *Друштвото* се избираат на Изборно собрание на *Друштвото.*

Постапката за избор на претседател и членови на Претседателството и Посебните органи на *Друштвото* ја спроведува Изборна комисија на *Друштвото.*

**Член 28**

Претседател и членови на Претседателството и Посебните органи на *Друштвото* се избираат на јавен повик за номинирање на кандидати, кој се објавува на официјалната интернет страна на *Друштвото*.

Јавниот повик се објавува најдоцна 3 месеци пред истекот на мандатот на тековниот претседател и членовите на Претседателството и Посебните органи.

Пријавувањето на кандидатите се врши на Пријавни формулари.

Кандидатурата за Претседател на *Друштвото* треба да е поддржана од најмалку 10 редовни членови на *Друштвото,* а кандидатурата за членовите на Претседателството и Посебните органи од најмалку 5 редовни членови на *Друштвото.*

Кандидатите кои се номинираат за претседател на друштвото, покрај формуларот за кандидатура поднесуваат и Програма за работа на *Друштвото* за наредните 4 години, биографија со библиографија и мотивациско писмо.

Кандидатите кои се номинираат за членови на Претседателството и Посебните органи покрај пријава за кандидатура, треба да достават биографија со библиографија.

Рокот за пристигнување на пријавите на заинтересираните кандидати е 20 дена од денот на објавување на јавниот повик.

Пристигнатите пријави по изминување на рокот за доставување, се доставуваат на увид на членовите по електронска пошта.

Денот на Изборното собрание го закажува Изборната комисија, најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот на тековниот претседател и членови на Претседателството и Посебните органи.

Гласачкото ливче со реден број и имињата на кандидатите за одредени позиции се подготвува од Изборната комисија и во печатена форма се доставува на гласање на членовите на *Друштвото* на денот на Изборното собранието.

Гласањето за избор на претседател на *Друштвото* и членови на Претседателството и Посебните органи се врши тајно на Изборно собрание, по пат на заокружување на еден кандидат од номинираните кандидати.

Ливче на кое се заокружени повеќе кандидати за една позиција, ќе се смета за неважечко.

Изборната комисија ги пребројува гласовите, составува Записник и подготвува Одлука за избор на претседател на *Друштвото.*

Одлуката за избор ја усвојува Собранието на *Друштвото*.

**Член 29**

Членовите на Претседателството и Посебните органи на *Друштвото* можат да се отповикаат и пред истекот на нивниот мандат по основ:

1. на лично барање;
2. на барање на член на Претседателството и Посебните органи;
3. на барање на најмалку 5 члена на *Друштвото*.

По барање на членовите на *Друштвото* од став 1, точки 2 и 3 од овој член може да се поднесе предлог за отповикување на член на Претседателството и Посебните органи доколку членот:

1. не учествува на седниците на органите;
2. работи спротивно на начелата на *Друштвото*, законските норми и етичките и професионални стандарди на археологијата.
3. на било кој начин го злоупотребува *Друштвото* за остварување на личен интерес.

Испразнетите места во Претседателството и Посебните органи по било кој од наведените основи во став 1 точки 1, 2 и 3 од овој член, пред истекот на нивниот мандат, се пополнуваат со нов член предложен и усвоен од Собранието на *Друштвото* на начин и постапка предвидени во член 29 од овој Статут.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО АРХЕОЛОШКО НАУЧНО ДРУШТВО

### Член 30

*Друштвото* е непрофитно здружение кое за својата работа остварува средства од:

- членарина;
- донации и подароци;
- од Буџетот на Република Северна Македонија;
- од издавачка дејност;
- од други извори.

### Член 31

Користењето и располагањето со средствата на *Друштвото* од член 31 од овој Статут се врши на начин утврден со овој Статут, и законските прописи кои ја регулираат работата на непрофитните организации.

За користењето и располагањето со средствата одлучува Претседателството како орган на управување согласно надлежностите утврдени со овој Статут.

Користењето и располагањето со средствата за остварување на целите на *Друштвото*, задолжително се врши внимателно, економично и во согласност со начелата на добро управување.

### Член 32

*Друштвото* донесува годишен финансиски план и завршна сметка за приходите и расходите.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат на начин опишан во член 31 од овој Статут, како и расходите за општествената активност, за материјални трошоци за работа, исплата на авторски хонорари, исплата на печатарски трошоци и други расходи врзани со работата.

Видот и начинот на исплата на надоместоците се уредува со Правилник за исплата на надоместоци на *Друштвото*.

Правилникот за исплата на надоместоци го предлага Претседателството, а го усвојува Собранието.

**Член 33**

За извршувањето на финансискиот план е одговорен претседателот на *Друштвото*.

Овластен потписник на жиро сметката на *Друштвото* е претседателот на друштвото.

Други овластени потписници на жиро сметката се одредуваат со одлука на претседателот на *Друштвото*.

## ПРЕСТАНОК НА МАКЕДОНСКОТО АРХЕОЛОШКО НАУЧНО ДРУШТВО

**Член 34**

*Друштвото* ќе престане со работа ако за тоа одлучат две третини од членовите на *Друштвото*, ако настапат причини утврдени со член 52 од Законот.

Одлука за престанок на *Друштвото* донесува Собранието на *Друштвото* со присуство на двотретинско мнозинство од вкупниот број на членови.

**Член 35**

По престанокот на работата на *Друштвото*, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на институцијата во која за последен пат било седиштето на *Друштвото*.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 36**

Право на толкување на одредбите од овој Статут има Собранието на *Друштвото*, а помеѓу две собранија Претседателството на *Друштвото*.

**Член 37**

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

**Член 38**

Актите на *Друштвото* предвидени со овој Статут се донесуваат најдоцна до 2 месеци од неговото донесување.

**Член 39**

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување, со што престанува да важи Статутот бр. 03-26 од 30.12.1998 г.

____________________________

Александра Папазовска
Претседател